# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА,
ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА
И УМЕТНОСТ



## Дубравка Угрешиќ

Бр. 10-11
Струмица, 2023

# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА,
КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

# 10-11

10-11 / 2023

# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

**Издавач:**

Друштво за наука, литература, култура и уметност

„Иван Василевски“ - Струмица

**Главен и одговорен уредник**

Ана Витанова - Рингачева (Македонија)

**Уредувачки одбор:**

Сузана Мицева (Македонија)
Далибор Плечиќ (Македонија)
Никола Шимиќ-Тонин (Хрватска)
Марија Павловиќ (Србија)
Урсула Келер (Австрија)
Олга Лалиќ-Кровицка (Полска)
Васил Дрвошанов (Македонија)

**Лектура**

Васка Кирова

**Дизајн на корица**

Ване Костуранов

Списанието ЗЕНИТ е финансирано од Министерството за култура на Република Северна Македонија и од буџетот на Општина Струмица.

# СОДРЖИНА

**СЛИКА ПРВА .................................................................. 7**

ДУБРАВКА УГРЕШИЌ ........................................................................ 8

ДУБРАВКА УГРЕШИЌ. ЕСЕЈОТ ШТО ПАТУВА ЦЕЛИ 23 ГОДИНИ ........................ 9

ДУБРАВКА УГРЕШИЌ: НЕ САКАМ „ЧИТАЊА“ ОД НЕКАКОВ АГОЛ: ФЕМИНИСТИЧКИ, НАЦИОНАЛЕН, КАКОВ БИЛО. ТАКВИТЕ ИНТЕРПРЕТАЦИИ ГО СКРАТУВААТ И РЕДУЦИРААТ КНИЖЕВНИОТ ТЕКСТ .......................... 20

СИНИША УГРЕШИЌ: НЕ ПОЗНАВАВ НИКОЈ ШТО ЖИВОТОТ ГО ЗАВРШИЛ СО ЕВТАНАЗИЈА. СЕГА ЗНАМ: МОЈАТА СЕСТРА, ДУБРАВКА УГРЕШИЌ. БЕВМЕ ВО НЕЈЗИНАТА СОБА .......................... 28

**СЛИКА ВТОРА .................................................................. 32**

САКАМ ДА ВЕРУВАМ ДЕКА СЕКОГАШ СУМ ОБЈЕКТИВНА
Интервју со Дуња Илиќ .......................................................... 33

Дуња ИЛИЌ (Србија). ПРВАТА КРИТИКА НА ДУЊА ИЛИЌ. (Лана Басташиќ, „Фати го зајакот“, Контраст, Белград 2018) .......................... 36

УХ, САМО ДА МОЖЕВ ДА ОЧЕКУВАМ НЕШТО И ДА СЕ ПОДГОТВАМ ЗА ПРОМЕНИ! Интервју со Ивана Дражиќ .......................... 41

Лука ОСТОЈИЌ (Загреб, Хрватска). ПРОФЕСИОНАЛНА ЧИТАТЕЛКА.................. 45

Бојан БАБИЌ. (Србија). Делови од романот во создавање со работен наслов: ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОДОСТОЈОТ .......................... 55

Луца КОЗИНА (Сплит, Хрватска). ДОЛГОТО ВРАЌАЊЕ ДОМА .......................... 59

Раденко КЕЛА (Пискавица, Бања Лука). НЕБЕСНИ МОСТОВИ (осврт кон студијата „Бранков мост“ од Никола Шимиќ-Тонин) .......................... 63

Бојан БАБИЌ (Србија) .......................................................... 66

Витомирка ТРЕБОВАЦ (Србија) .................................................. 70

Милица МИЛЕНКОВИЌ(Србија) .................................................. 74

**СЛИКА ТРЕТА ..... 79**

**ПОТРАГА ВО ДВА НОСА ..... 80**

„ЕВЕ ГО МОЈОТ ТРЕПЕТ, МОЈОТ ПРИНОС, ЕВЕ ГО МОЈОТ ЖИВОТ. ТОА СУМ ЈАС!“ Интервју со уметницата Славица Милева ..... 81

„КНИЖЕВНОСТА МЕ СОЗДАДЕ МЕНЕ ИЛИ ЈАС НЕА? ПА, БИ РЕКЛА ДЕКА СЕГА ЗАЕДНО СЕ СОЗДАВАМЕ“. Виолета Танчева-Златева ..... 86

**ГУНА ..... 94**

Мики ДЕЛЕВ ..... 96

Катерина ПАНОВ-КОЖАРОВ ..... 98

Милена СИЉАНОСКА ..... 99

Васил ДРВОШАНОВ ..... 105

Емилија КАРАФИЛОСКА ..... 109

Дејан КРСТЕСКИ ..... 111

Ице БЕЛИЧЕВ ..... 115

Ивана АТАНАСОВА ..... 118

Славица МИЛЕВА ..... 120

Горан ТРЕНЧОВСКИ. КАЛАУЗ ..... 122

Далибор ПЛЕЧИЌ. ШПИГЕЛ ..... 131

Игор ПОП ТРАЈКОВ. ТРАНСАТЛАНТСКИ ..... 132

Трајче КАЦАРОВ. НЕМОЈ ДА КАЖЕШ, НАВИСТИНА НЕМОЈ ДА КАЖЕШ. КАЕЊЕ ЗА ЏАБЕ ..... 140

Нина НАСЕСКА. КОМШИСКО ОКО ..... 141

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА. УЗНАВАЊЕ ..... 143

Трајче КАЦАРОВ. ПОШТАРОТ ..... 149

**ПРУГА ..... 177**

Руди АЛФОНСО ГОМЕЗ РИВАС (Гватемала) ..... 178

Кристофер ЛОРД (Финска) ..... 186

Назим ХИКМЕТ (Турција) ..... 188

Лали МИХАЕЛИ (Израел) ..... 192

**П(Р)ОГЛЕДИ ........................................................................................... 195**

Венко АНДОНОВСКИ. ЗАПОМНЕТЕ ГО ОВА ПОЕТСКО ИМЕ ...................................196

Ирена ПАВЛОВА ДЕ ОДОРИКО. КОН „УТРОТО ПО КРАЈОТ НА СВЕТОТ“.................... 201

Владо ЕФТИМОВ. КОГА ПУСТЕЛИЈАТА ЈА ПОНИШТУВА ЛИЧНОСТА, преку анализа на ликот Никос Авра(а)м од романот „Единствен матичен број“ на Лидија Димковска.......................................................................................203

Елизабета БАКОВСКА.ЗАСОЛНИШТЕ ОД БУРИТЕ НА НОВОТО ВРЕМЕ (Осврт за „Раскази од минатиот век“ на Виолета Танчева-Златева .....................................208

Васил ДРВОШАНОВ. ФОНЕТСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИЗМИ ВО ЗБИРКАТА РАСКАЗИ „ВРАЌАЈЌИ СЕ ВО БОРИЕВО“ ОД ВИОЛЕТА ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА ........................212

**АРТитектура ............................................................................................ 228**

Никола ПИЈАНМАНОВ. НЕДОВРШЕНА СОВРШЕНОСТ ..........................................232

Коста МИЛКОВ. НОКТУРНО: НОТИТЕ НА СЛИКАРОТ ...........................................245

ГАЛЕРИЈА ОД ДЕЛАТА НА ЛИКОВНАТА УМЕТНИЦА СЛАВИЦА МИЛЕВА ................251

# Назим ХИКМЕТ

*(Турција)*

## *НЕ СЕ ЧУДИ*

Можам да сакам
И тоа како,
Посакај од мене што сакаш
Мојата душа, моите очи.

Можам да се налутам,
Устата нема да ми запени
Но, жестокиот бес е ништо во споредба со мојот
Жестокиот бес, не жестоката омраза.

Можам да разберам
Честопати со мојот нос,
Чувствувајќи го мирисот на најтемниот и најдалечниот
И можам да се борам
За сè што е праведно, точно, убаво, за секого,
Возраста не е препрека за ова,
Но, за чудо одамна сум заборавил да се вчудоневидувам.
Вчудоневидувањето со отворено тркалезни и млади очи
ме напушти мене.
Штета.

## *ДА НАПИШАМ НЕШТО ТРЕБА*

Да напишам нешто треба
да напишам нешто наполно вистинито
да напишам нешто треба
претходно без да смислам нешто
цигарата ми гори
љубената болка ми створи
да напишам нешто треба

не тоа што на маса го гледам
не за прстите мои
да напишам нешто треба
уловувајќи нешто во мене
пуштајќи кофа во бунарот во себе
вода да извадам треба.

## *ПАТУВАЊЕ*

Еден поет патува
Во морето на нашиот свет
Гледајќи во една ѕвезда.

Патува еден од поетите
Од една ѕвезда во едно море
Гледајќи го нашиот свет.

Патуваат поетите
Во морињата на универзумот
Гледајќи се меѓусебно.

## *ПЕСНИ ПОМЕЃУ 21:00-22:00 ЧАСОТ*

## *21 СЕПТЕМВРИ 1945 ГОДИНА*

Нашиот син е болен,
Татко му е во затвор
Главата твоја полна со грижи е во твоите раце
На светската состојба личи нашата...

Луѓето во поубави дни другите ги носат,
Нашиот син ќе оздрави,
Татко му од затвор ќе излезе,
Зениците на твоите златни очи ќе се смеат
На светската состојба личи нашата...

## *22 СЕПТЕМВРИ 1945*

Читам книга
во неа си ти.
Слушам песна

во неа си ти.
Седнав леб да јадам
наспроти мене седиш ти.
Работам
наспроти мене ти.
Ти што секаде и секогаш си присутна
не можеме да зборуваме
гласовите да си ги слушнеме.
Ти, осум години вдовица моја си.

## *24 СЕПТЕМВРИ 1945*

Најубавото море
сè уште непосетено е.
Најубавото дете
сè уште непораснато е.
Најубавите наши дни
сè уште недоживеани се.
И најубавиот збор кој сакам да ти го кажам
е зборот кој сè уште го немам кажано.

## *30 СЕПТЕМВРИ 1945*

Да мислам на тебе е убава
надежна работа
како слушањето на најубавата песна
од најубавиот глас на овој свет.

Но, надежта веќе не е доволно за мене,
јас веќе не сакам да слушам песна,
јас песна да пејам сакам...

## *4 ДЕКЕМВРИ 1945*

Извади го од ковчег фустанот во кој за првпат
се сретнаа очите наши
облечи се, дотерај се,
заличи на пролетно дрво...
Од затвор
каранфилот во писмо што го пратив стави го на коса
крени го набразденото бело високо чело достојно за љубење

во еден ваков ден уплашена и тажна, никако,
во еден ваков ден како бунтовничко знаме
треба да е жената на Назим Хикмет.



**НАЗИМ ХИКМЕТ**

РЕВОЛУЦИОНЕР ВО СОВРЕМЕНАТА ТУРСКА ПОЕЗИЈА

Оваа година се навршуваат 60 години од смртта на НАЗИМ ХИКМЕТ кој е роден на 15 јануари 1902 год. во Солун, а починал на 3 јуни 1963 год. во Москва. Назим Хикмет има деветнаесет поетски книги, десет драмски дела, два романа и една книга составена од 104 раскази што ги објави во различни списанија од 1920 година. Во 1922 година го внесе слободниот стих во турската поезија и темите од секојдневниот живот. Оваа промена што ја направи во турската поезија вака ја објасни: „Несомнено кога требаше да обработувам нови содржини кои дотогаш не се видени во турската поезија, морав да барам и нова форма...“ (Али Ихсан Колџу, Поетиката на Назим Хикмет, 2010:163). На времето слободниот стих и темите од секојдневниот живот во турската поезија беа револуција, но денес слободниот стих и овие теми во современата турска поезија се секојдневие. Хикмет во поглед на формата и на содржината на новите генерации поети им отвори нов пат и им овозможи голема слобода во изразот. На многу поети им стана учител во областа на поезијата. Назим Хикмет помина вкупно петнаесет години во затвор. Дење во затворот работеше, навечер преведуваше странски автори на турски јазик за да го издржува своето семејство и тајно пишуваше нови дела. Помеѓу 21:00 и 22:00 часот пишуваше песни на својата прва сопруга Пираје чиишто писма често ги преточуваше во песна. Во овој период се творени еден циклус од најлирски песни на современата турска поезија под наслов „Песни помеѓу 21:00-22:00 часот“. Преводите и новонапишаните дела Назим Хикмет ги изнесуваше надвор од затворот со посредство на најблиските. Еден дел од овие дела се изгуби, а еден дел се запали од страна на најблиските, поради страв од апсење. Ова беше голема загуба за турската книжевност. Но, Назим Хикмет веруваше дека ќе биде сјајна иднината на неговите дела. Како резултат на овој напор, денес во библиотеките на Турција и во светот се наоѓаат бројни негови книги.

*Препев и превод од турски на македонски јазик: проф.д-р Марија Леонтиќ*

# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

**Издавач:**

Друштво за наука, литература, култура и уметност

„Иван Василевски“ - Струмица

**Адреса**

Списание за наука, литература, култура и уметност „Зенит“
ул. „Стив Наумов“ бр.40 Струмица

**Е-адреса**

zenitspisanie@gmail.com
Тел: 071/245-155

**Трансакциска сметка**

Халкбанка: 270-0729532401-07

**Компјутерска и графичка подготовка**

Боро Рунчев

**Печати**

Европа 92, Кочани

**Тираж**

400

Местата кои ги напуштивме, не остануваат исти. Југославија во која сум родена, не остана иста, се промени, и се менува со секој нов ден. Со самото тоа што не постои, ја дисквалификува реалноста на носталгијата. Можеби не треба да се оди на места кои нешто нѝ значеле, бидејќи конфронтацијата со новата реалност на некој начин го уништува сеќавањето. Некои земји, некои предели, некои луѓе, одат наназад. Доаѓате во минато кое не е ваше, но и иднина која не е ваша.

Дубравка Угрешиќ

ISSN 2671-3217